Врз основа на член 65, став (6), од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 89/22, 171/22 и 3/25), Министерство за транспорт, на ден ______2025 година, донесе

**Одлука за спроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење - енергетски комплекс - градби за производство на електрична енергија од обновливи извори над 10MW, КО Дуброво, КО Тимјаник, општина Неготино потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Како органи засегнати од имплементација на планскиот документ Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење - енергетски комплекс - градби за производство на електрична енергија од обновливи извори над 10MW, КО Дуброво, КО Тимјаник, општина Неготино се определуваат следните: општина Неготино, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за транспорт, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, ЕВН и др.

3. За планскиот документ Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење - енергетски комплекс - градби за производство на електрична енергија од обновливи извори над 10MW, КО Дуброво, КО Тимјаник, општина Неготино, за чија изработка е одговорно Перкан Проект Прилеп, а го донесува Министерство за транспорт, донесувањето на планскиот документ Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење - енергетски комплекс - градби за производство на електрична енергија од обновливи извори над 10MW, КО Дуброво, КО Тимјаник, општина Неготино ќе има влијание врз животната средина.

4. Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: влијание врз подземните и површинските води, влијание врз почвата, влијание по однос на генерирање на комунален и градежен отпад, влијание врз амбиентниот воздух, влијание врз биодиверзитетот и влијание од несреќи и хаварии.

5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Министерство за транспорт на следната веб адреса/и: www.mtc.gov.mk

6. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

Бр. 67-5010/1
Датум: 01. 07. 2025
Место: Скопје

**МИНИСТЕР**
**АЛЕКСАНДАР НИКОЛОСКИ**